РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-3444/1
03-09 2021 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

ПРЕДМЕТ: **Соопштение**

Почитувани,

Во текот на ноември 2021 година ќе се подготвуваат нацрт-програмите за активностите на Општина Велес во 2022 година во областа на:

- образованието,
- културата,
- социјална заштита
- здравствена заштита,
- спорт и млади,
- поддршка на НВО секторот,
- меѓународна соработка,
- локален економски развој,
- заштита на животна средина и
- други области.

Сите здруженија на граѓани/фондации кои имаат предлози од поширок интерес на заедницата и конструктивни идеи за проектни активности што треба да се реализираат во 2022 година, можат да ги доставуваат до службите во Општина Велес.

Временската рамка за спроведување на проектите е до крајот на фискалната година, односно до 31.12.2022 година.

Висината на финансиските средства кои можат да се добијат за поединечен проект на здружение/фондација изнесуваат најмногу до 50.000,00 денари.

Здруженијата/фондациите имаат право да поднесат една или повеќе апликации за финансиска поддршка, од кои само една може да биде одобрена по избор на Комисијата за распределба на средства согласно објавата за прибирање предлози за креирање на програмите за активностите на Општина Велес за 2022 година.

Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички со еден предлог проект.

Предлозите се доставуваат на образец што Ви е достапен во електронска форма на веб страната на Општина Велес, www.veles.gov.mk.

Предлозите се доставуваат до Општина Велес, ул. „Панко Брашнар“ бр.1. најдоцна до 20.09.2021 година.

По нацрт-програмите ќе бидат организирани јавни расправи на кои можат да учествуваат сите заинтересирани граѓани.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес,
Аце Коцевски

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*